Централен депозитар за хартии од вредност
Ц Д Х В АД
Бр. 01 - 1436/1
05-03 20 20 г.
Скопје

ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР
ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА
## НА ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД СКОПЈЕ ЗА 2019 ГОДИНА

**Март, 2020 година**

Содржина

1. Вовед 3
2. Деловно окружување 4
3. Информации за извршувањето на основните функции на Депозитарот во 2019 година 5
4. Членки на Депозитарот 11
5. Активности во делот на информатичката технологија 13
6. Правни и нормативни активности 16
7. Меѓународна соработка 23
8. Други позначајни активности во текот на 2019 година 24
9. Примања на неизвршните членови на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје 25
10. Остварени финансиски резултати во 2019 година 26
11. Прилог 1 34
12. Прилог 2 38

# 1. Вовед

Извештајот за работата на Централниот депозитар за хартии од вредност (Депозитар) во текот на 2019 година ги опфаќа условите на деловното окружување што имаа влијание на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија, активностите на Депозитарот и податоците од извршувањето на функциите на Депозитарот, како и статистички показатели од работењето на Депозитарот релевантни за пазарот на хартии од вредност во Република Северна Македонија. Извештајот содржи и податоци за финансиското работење на Депозитарот и осврт на други околности согласно одредбите на Законот за трговски друштва за содржината на годишниот извештај за работата на друштвото.

Основите за работењето на Депозитарот се уредени со Законот за хартии од вредност во кој се предвидени основните функции кои ги извршува Депозитарот. Согласно член 32 од Законот за хартии од вредност, Депозитар на хартии од вредност ги извршува следните функции:

1. регистрирање на издавањето и преносот на хартиите од вредност во Република Северна Македонија како електронски запис (водење регистар на хартии од вредност);
2. давање меѓународен број за идентификација на хартиите од вредност (ИСИН) за сите емисии на хартии од вредност;
3. запишување на сопствениците на хартии од вредност;
4. порамнување на трговските трансакции според принципот „испорака наспроти плаќање“;
5. вршење на нетрговските преноси;
6. овозможување услови за позајмување на хартиите од вредност;
7. следење на финансиската состојба на неговите членки, со цел управување со ризикот поврзан со можно непорамнување на трговските трансакции и
8. вршење дополнителни услуги за издавачите на хартии од вредност.

Депозитарот во име на издавачите на хартии од вредност, може да ги врши следниве дополнителни услуги:

1. доставување на ажуриран список на сите постојни сопственици на хартии од вредност издадени од тој издавач и
2. вршење на други услуги во врска со издадените хартии од вредност како што се пресметка и исплата на дивиденда и/или камата, известување за собранија на акционерите и слично.

## 2. Деловно окружување

Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје како единствена институција во државата која извршува функции на водење на регистар на хартии од вредност и порамнување на трговски трансакции со хартии од вредност во текот на 2019 година ги извршуваше своите законски надлежности на кои имаат влијание глобалните и домашните економски случувања. Глобалните економски текови можат да се одразат индиректно преку влијанието на случувањата на Македонската берза, која од своја страна не е имуна на настаните на развиените пазари. Од таму, важни за деловното окружување во кое функционира Депозитарот се и глобалните економски текови.

Глобалниот раст на светската економија за 2019 година се проценува на 2,9 % согласно податоците објавени од страна на Меѓународниот монетарен фонд во октомври 2019 година. Според анализите на ММФ објавени во последниот квартал на 2019 година по острото успорување во последните три квартали на 2018 година темпото на глобалната економска активност останува успорено и во 2019 година. Особено, моментумот во производствената активност е ослабен, до ниво кое не е видено од последната светска финансиска криза. Зголемената трговија и геополитичките тензии ја зголемија неизвесноста во врска со иднината на глобалниот трговски систем и меѓународната соработка воопшто, што влијае на инвестициските одлуки и глобалната трговија. Забележителна е промената кон зголемено прилагодување на монетарната политика што го ублажи влијанието на овие тензии врз расположението и активноста на финансиските пазари, додека генерално еластичниот сектор на услуги го поддржува растот на вработеноста.

Депозитарот својата активност во 2019 ја остваруваше под влијание и на повеќе домашни фактори.

Согласно последните анализи на Народната банка на РСМ објавени во кварталниот извештај од ноември 2019 година, најновите проекции покажуваат задржување на оцените за економскиот раст како во првиот квартал на 2019г., односно и натаму се очекува постепено забрзување на растот на домашната економија во следниот период, при слична структура на факторите на растот. Поради ова, очекувањата на Народната банка беа дека до крајот на 2019 година ќе продолжат поволните движења од почетокот на годината со што економијата во 2019 година би остварила реален раст од 3,5 % предизвикан главно од извозот, при оцени за понатамошен раст на активноста на новите капацитети ориентирани кон извоз, но и на дел од традиционалните извозни сектори, како и од домашната побарувачка, поткрепена со оцените за повисока инвестициска активност поврзана со јавните инфраструктурни проекти и оцените за повисока лична потрошувачка, поддржана од растот на сите компоненти на расположливиот доход.

Врз основа на оцената на поволните економски и финансиски услови, како и на постоечките ризици, НБРМ во текот на годината ја намали основната каматна стапка од 2,50% на 2,25% како одраз на поволните движења во економијата. Инфлацијата за целата година изнесува 0,8%.

Што се однесува до пазарот на капитал, на Македонската берза изминатата година продолжија нагорните трендови од 2018 година. Вредноста на берзанскиот индекс за акции (МБИ-10) на крајот на годината изнесуваше 4.648 индексни поени. Од почетокот на годината, растот на МБИ-10 изнесува 34%. Вкупната пазарна капитализација на крајот од годината изнесува 189.458.777.754 денари, а остварениот промет изнесува 7.700.625.682 денари.

Состојбата на државните хартии од вредност на крајот на годината изнесуваше 106.353,8 милиони денари. Споредено со крајот на 2018 година, состојбата на државните хартии од вредност е повисока за 9.145 милиони денари кое зголемување произлегува од зголемувањето на состојбата на државните обврзници за 8.724 милиони денари, како и пораст на државните записи за 421 милиони денари.

Од аспект на политиките во областа на пазарот на капитал за одбележување е одложувањето на оданочувањето на капиталните добивки остварени од тргување со хартии од вредност што

е препознаено како поддршка и позитивен импулс за понатамошниот развој на локалниот пазар на капитал.
И во 2019 продолжи трендот на гаснење на акционерските друштва поради стечај, ликвидација или бришење од Централниот регистар со што се намалува и бројот на издавачи за кои Депозитарот евидентира податоци.

# 3. Информации за извршувањето на основните функции на Депозитарот во 2019 година

Детални показатели од извршувањето на основните функции на Депозитарот во 2019 година:

Хартии од вредност во системот на ЦДХВ, со состојба на ден 31.12.2019 година

| | Број на активни ИСИН-и | Издадена количина | Номинален капитал |
|---|---|---|---|
| Акции | 483 | 384.700.219 | 213.498.815.755 |
| Обврзници | 163 | 1.084.027.888 | 77.389.245.215 |
| Останати ХВ | 17 | 3.307.004 | 33.070.040.000 |

Сметки на иматели

Структура на сметки, по типови сметки, во системот на ЦДХВ со состојба на ден 31.12.2019 година

| Тип на сметка | Номинален капитал (МКД) 31.12.2019 | % промена во однос на претходната година | Број на сметки 31.12.2019 | % промена во однос на претходната година |
|---|---|---|---|---|
| Сопственичка сметка | 220.241.224.007 | -4,61 | 64.923 | -3,81 |
| Портфолио сметка | 124.661.333 | -1,03 | 148 | 15,63 |
| Застапничка сметка | 18.771.184 | -5,65 | 11 | 0,00 |
| Старателска сметка | 46.936.255.828 | 17,88 | 48 | -9,43 |
| Други сметки | 56.637.188.618 | 32,54 | 2.924 | -35,68 |

Структура на иматели

Структура на инвеститори според тип во системот на ЦДХВ со состојба на ден 31.12.2019 година

| Инвеститор | 31.12.2019 | 31.12.2018 | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| Домашни физички лица | 63.054 | 67.009 | -5,90 |
| Домашни правни лица | 1.948 | 2.015 | -3,33 |
| Странски физички лица | 1.027 | 1.128 | -8,95 |
| Странски правни лица | 162 | 174 | -6,90 |

Утврдување и порамнување на трговски трансакции

*Утврдување и порамнување на трансакции склучени преку Берза*

Порамнети трансакции во 2019 година склучени на Македонската Берза АД Скопје, изразени во вредност на трансакциите во МКД, број на хартии од вредност и број на трансакции.

| МБХВ | Вредност 2019 година (МКД) | Вредност 2018 година (МКД) | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| Вредност (МКД) | 7.702.821.641 | 10.416.058.219 | -26,05 |
| Количина ХВ | 9.951.718 | 13.413.529 | -25,81 |
| Број на трансакции | 18.878 | 23.931 | -21,11 |

Број на порамнети берзански трансакции склучени преку МБХВ во текот на 2019г. по членки – берзански посредници:




Од 01.07.2019г. започна новиот начин на порамнување, со што се овозможи членките-чувари да бидат учесници во порамнувањето во делот на паричните средства, на куповна и на продажна страна, за клиентите со кои склучиле договор за чување на хартии од вредност или договор за чување на имот за инвестициски или пензиски фондови.
На следниот графикон прикажан е број на порамнети берзански трансакции склучени преку МБХВ во текот на 2019г., по членки – чувари на имот (прикажаните вредности се дел од претходниот графикон каде е прикажан број на порамнети трансакции по членки – берзански посредници):



Вредност на порамнети берзански трансакции склучени преку МБХВ во текот на 2019г. по членки – берзански посредници:




На следниот графикон прикажани се вредностите на порамнети берзански трансакции склучени преку МБХВ во текот на 2019г., по членки – чувари на имот (прикажаните вредности се дел од претходниот графикон каде се прикажани вредностите на порамнетите трансакции по членки – берзански посредници):




*Порамнување на трансакции склучени на ОТЦ пазарот*

Во следната табела се прикажани податоци за порамнувањето на трансакции склучени на ОТЦ пазарот и порамнети во реално време.

| ОТЦ | Вредност 2019 година (МКД) | Вредност 2018 година (МКД) | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| Вредност (МКД) | 2.238.242.443 | 2.644.526.018 | -15,36 |
| Количина ХВ | 216.704 | 264.554 | -18,09 |
| Број на трансакции | 43 | 30 | 43,33 |

Трансакциите на ОТЦ пазарот се реализирани преку 6 учесници на продажна страна и 8 учесници на куповна страна.

## Нетрговски преноси на хартии од вредност

Податоци за спроведени нетрговски преноси во системот на ЦДХВ во текот на 2019 година по основ на подарок, наследство и судски одлуки:

| Основ | 2019 година | 2018 година | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| Наследство | 952 | 1.051 | -9,42 |
| Подарок | 285 | 321 | -11,21 |
| Судска одлука | 11 | 4 | 175,00 |

## Спроведени корпоративни дејства во Депозитарот

### *Корпоративни активности на акционерските друштва во 2019 год.*

Податоци за спроведени корпоративни активности на акционерски друштва- издавачи на хартии од вредност во системот на ЦДХВ во текот на 2019 година:

| **Активност** | **БРОЈ** |
|---|---|
| Евидентирани нови акционерски друштва | 9 |
| Доделени нови ИСИН-и со основачки емисии | 9 |
| Нови емисии на постоечки АД | 14 |
| Евидентиран стечај на АД | 11 |
| Евидентирана ликвидација на АД | 4 |
| Извршена преобразба на АД во друга форма на друштво | 3 |
| Извршено намалување на основна главнина кај АД | 2 |
| Поделба на акции | - |
| Останато | 1 |

### *Регистрирани обврзници на други издавачи*

Во текот на 2019 година, регистрирани се корпоративни обврзници издадени од страна на банки и тоа:

- Перпетуална обврзница издадена од страна на Универзална инвестициона банка АД Скопје на износ од 5.000.000 евра, со иницијална каматна стапка од 9% и без рок на доспевање. Обврзницата е издадена по пат на приватна понуда.
- Конвертибилна обврзница издадена од страна на Централна Кооперативна банка АД Скопје на износ од 5.000.000 евра, со каматна стапка од 2.2%. Истата е издадена по пат на јавна понуда.
- Обврзница издадена од страна на ТТК банка АД Скопје на износ од 1.500.000 евра, со каматна стапка од 3.5%. Истата е издадена по пат на јавна понуда.

Подетални информации за акционерските друштва кај кои во 2019 година се спроведени корпоративни активности се дадени во Прилогот 2 кон овој Извештај.

*Постапки за преземање на акционерски друштва во ЦДХВ*

Во текот на вториот квартал од 2019 година, завршени се активностите за превземање на Нова стоковна куќа АД. Имено, заклучно со 04.03.2019 година, во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, во целост е спроведена постапката на преземање на Нова стоковна куќа АД. Од страна на Депозитарот беа спроведени исплати кон акционерите кои ја прифатија понудата за откуп на нивните акции од страна на понудувачот во вкупен износ од 39.114.000 денАРИ, согласно доставените изјави за прифаќање на понудата за преземање. На сметката за хартии од вредност на преземачот се префрлени вкупно 636 акции во вкупно 9 трансакции, а по одбивање на провизијата за ЦДХВ на неговата трансакциска сметка се вратени парични средства во износ од 1.408.836 денари.
Во текот на четвртиот квартал од 2019 година, завршени се активностите за превземање на Охридска Банка АД Скопје. Имено, заклучно со 04.11.2019 година, во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, во целост е спроведена постапката на преземање на Охридска Банка АД Скопје. Од страна на Депозитарот беа спроведени исплати кон акционерите кои ја прифатија понудата за откуп на нивните акции од страна на понудувачот во вкупен износ од 2.978.313.571 денари, согласно доставените изјави за прифаќање на понудата за преземање. На сметката за хартии од вредност на преземачот се префрлени вкупно 472.839 акции во вкупно 143 трансакции, а на неговата трансакциска сметка се вратени парични средства во износ од 274.066.646 денари.

*Овозможување на право на увид во акционерска книга*

Согласно одредбите на Законот за трговските друштва, Депозитарот им овозможува на заинтересираните акционери увид во акционерските книги кај друштвата кај кои поседуваат акции и/или издавање копија од акционерска книга. По тој основ, во 2019 година во Депозитарот се спроведени следните активности:

| | |
|---|---|
| Извршен увид во акционерска книга | 41 |
| Копија од акционерска книга | 36 |

*Услуги кон издавачите и имателите на хартии од вредност*

Согласно барањето на компанијата Окта АД Скопје за потребите на спроведување на постапка за пресметка и исплата на дивиденда на акционерите, изработена е пресметка за исплата на нето дивиденда и данок за 2019 година, согласно пресекот на акционерската книга на Окта со последен ден со право на дивиденда на 30.05.2019г. Исто така, испратени се 277 известувања кон сите акционери кои се здобиле со право на исплата на дивиденда, а кои до датумот на пресекот се уште ги немаа ажурирано трансакциските сметки. Овие акционери имаа право на измени најдоцна до 15.07.2019г., по што Депозитарот ги достави ажурираните списоци со пресметка за 1.350 акционерски сметки.

*Активности во врска со државни хартии од вредност*

Депозитарот ја има улогата на Регистар на државните хартии од вредност, чиј издавач е Министерството за финансии на Република Северна Македонија. Во табелата која следи се прикажани податоци за активностите на примарниот пазар на државни хартии од вредност во текот на 2019 година:

| | Број на емисии во 2019 година | | Износ (МКД) | Број на емисии во 2018 година | Износ (МКД) |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Нови емисии на државни хартии од вредност** | | | | |
| 6 месечни записи | 0 | | 0 | 3 | 899.440.000 |
| 12 месечни записи | 17 | | 33.070.040.000 | 22 | 33.999.250.000 |
| Државни обврзници | 15 | | 18.499.650.000 | 29 | 22.022.930.000 |
| **Вкупно** | **32** | | **51.569.690.000** | **54** | **56.921.620.000** |
| | **Достасувања на државни хартии од вредност** | | | | |
| 6 месечни записи | 1 | | 249.520.000 | 9 | 3.451.750.000 |
| 12 месечни записи | 21 | | 32.399.310.000 | 26 | 37.295.210.000 |
| Државни обврзници | 24 | | 9.775.520.000 | 30 | 11.548.445.735 |
| **Вкупно** | **46** | | **42.424.350.000** | **65** | **52.295.405.735** |
| | **Пресметки на купони од државни обврзници** | | | | |
| Државни обврзници | **157** | | **2.150.387.704** | **158** | **2.044.744.421** |

Во доменот на регистрирањето и водењето на обврзници чиј издавач е Министерството за финансии на Република Северна Македонија, извршени се повеќе активности.

- Во текот на 2019 е запишана структурната обрзница – Обврзници за денационализација од Осумнаесетта емисија. Обврзницата е дистрибуирана на сметките на 584 физички лица и на 18 верски објекти.
- Извршена е пресметка на рати и камати по основ на Обврзници за денационализација од осма до седумнаесетта емисија. Истовремено целосно е доспеана Осмата емисија на обврзници за денационализација.

## Известувања согласно Законот за хартии од вредност и Правилата на Депозитарот

На почетокот на 2019 година беше реализирана обврската на Депозитарот за испраќање на акционерските книги во електронска форма на Акционерските друштва. Беа испратени 338 акционерски книги (по ИСИН број), до 325 акционерски друштва. Бројот на испратени акционерски книги е значително помал од бројот на регистираните емисии на акции, согласно Точката 6.2 од Правилата за работа, според која акционерска книга со состојба 31.12. од претходната година не се доставува до издавачи за кои е утврден пасивен статус на издавач, како и до издавачи кои не ги намириле обврските по основ на годишен надомест за водење на издадените хартии од вредност за претходната година.

Согласно Законот за хартии од вредност, при регистрирање на хартиите од вредност и при секоја настаната промена на сопственоста, Депозитарот е должен на сопственикот на хартии од вредност да му достави извод од состојбата на сметка на хартии од вредност, без надоместок и во рок од пет работни дена од регистрирањето, односно настанувањето на промената. По овој основ во текот на 2019 година до имателите беа испратени 13982 известувања.

## 4. Членки на Депозитарот

Членки-берзански посредници

Во 2019 година во Депозитарот членуваат 11 членки-берзански посредници, од кои 6 се банки, а останатите 5 членки се брокерски куќи.

| | Код на учесник | Назив | 01.01.2019 | 31.12.2019 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ЕХ | ЕУРОХАУС АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 2 | ИЛ | ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 3 | ИН | ИНОВО БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 4 | КБ | КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 5 | МИ | ИНВЕСТ БРОКЕР АД | √ | √ |
| 6 | ЕС | ЕУРОСТАНДАРД БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 7 | СБ | СТОПАНСКА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ | √ | √ |
| 8 | ТК | ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 9 | ТН | НЛБ ТУТУНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 10 | ФР | ФЕРШПЕД-БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 11 | СП | ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ | √ | √ |

*Контрола на членките-берзански посредници*

Во текот на последниот квартал од 2019-та година беше извршена редовната теренска контрола на следните членки:

- НЛБ Банка АД Скопје.
- Инвест брокер АД Скопје.
- Иново брокер АД Скопје.

Критериум за утврдувањето на членките кои предмет на контрола беше членката да не била контролирана последните две години, а е во првите три членки според вкупен износ на купопродажни трансакции во период од 05.12.2018-04.12.2019 година (исклучувајќи ги членките кои биле предмет на контрола во последните две години).
Теренската контрола на членките се изврши во месец декември 2019 година и притоа не беа констатирани неправилности заради поведување на дисциплински постапки.

ОТЦ-членки

Со последните измени на Законот за хартии од вредност објавени во Службен весник на Република Македонија бр.83/18 од 08.05.2018 година воведена е обврската членки на Депозитарот да бидат и банки кои ги користат услугите на Депозитарот за порамнување на трансакции со хартии од вредност склучени на пазари преку шалтер организирани од страна на Народната банка на Република Северна Македонија во својство на ОТЦ членки.
Во насока на имплементација на новините на Законот, Депозитарот интервенираше во своите *Правила за членство и Правила за работа* и подетално го регулира начинот и постапката за прием на ОТЦ членките, континуираните услови за членство и другите права и обврски кои произлегуваат од членството во Депозитарот. Притоа, имајќи ја предвид потребата од обезбедување на разумен временски период за банките да се прилагодат кон новините, од страна на Депозитарот беше утврден рок за доставување на барања за ОТЦ членство во Депозитарот од 3 месеци од приемот на Решението за согласност на измените на Правилата за членство, донесено од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, односно најдоцна до 24.03.2019 година.

Во рамките на барањата за ОТЦ членство, Одборот на директори на Депозитарот, на седницата одржана на 05.04.2019 година, донесе одлуки за прием во ОТЦ членство во Депозитарот на следните членки:

1. ТТК АД Скопје.
2. Силк Роуд банка АД Скопје.
3. Капитал банка АД Скопје.
4. Охридска банка АД Скопје.
5. Универзална инвестициона банка АД Скопје .
6. Еуростандард банка АД Скопје .
7. Про Кредит банка АД Скопје.
8. Халк банка АД Скопје.
9. Централна кооперативна банка АД Скопје.

Подоцна, на седницата на Одборот на директори на Депозитарот, на 10.05.2019 година, беа донесени одлуки за прием во ОТЦ членство во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на следните членки:

1. Комерцијална банка АД Скопје.
2. Стопанска банка АД Битола.
3. Стопанска банка АД Скопје.
4. Шпаркасе банка Македонија АД Скопје.
5. НЛБ Банка АД Скопје.

### Членки-Чувари

Согласно измените на Законот за хартии од вредност, Правилата за членство и Правилата за работа на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје со кои беше воведена можноста членките-чувари да бидат учесници во порамнувањето, во делот на паричните средства на куповна и на продажна страна, (за клиентите со кои склучиле договор за чување на хартии од вредност или договор за чување на имот за инвестициски или пензиски фондови), Одборот на директори на Депозитарот, на 10.05.2019 година, донесе одлуки за прием во членство во Депозитарот на следните членки-чувари:

1. Комерцијална банка АД Скопје.
2. Стопанска банка АД Скопје.
3. Шпаркасе банка Македонија АД Скопје.
4. НЛБ Банка АД Скопје.

Новите членки-чувари своите права и обврски како учесници во порамнувањето во делот на паричните средства, на куповна и на продажна страна за клиентите со кои склучила договор за чување на хартии од вредност или договор за чување на имот за инвестициски или пензиски фондови (членка-чувар), започнаа да ги користат од 01.07.2019 година како прв ден на порамнување.

### Примена на Правилата за начинот на формирање и користење на Гарантниот фонд

Во текот на 2019 година не беше спроведена ниту една постапка согласно Правилата за начинот на формирање и користење на Гарантниот фонд бидејќи во текот на годината не беа констатирани ненавремени уплати на парични средства за порамнување на берзански трансакции.

## 5. Активности во делот на информатичката технологија

Покрај основните активности кои беа извршувани во ЦДХВ во делот на информатичката технологија, а кои значеа одржување на функционалноста на системите на Депозитарот за извршување на неговите основни функции уредени со Законот за хартии од вредност и Правилата на Депозитарот, во текот на 2019 година беа преземени и следните активности:

### *Активности во врска со интегрирањето на ИТ центрите на МБХВ и ЦДХВ*

Во 2019 година продолжија актвностите во врска со имплементација на Договорот за стратегиска соработка во областа на информатичка технологија и човечки ресурси во организационите единици за информатичка технологија на Депозитарот и Берзата.
Согласно Договорот, ИТ системот на Берзата беше преселен во опремата на Депозитарот за што претходно беа извршени сите неопходни подготовки во поглед на обезбедување на мрежно комуникациските врски како и соодветен дисков и мемориски капацитет за да можат двете иснституции да продолжат непречено во извршувањето на своите работни процеси и активности. Во делот на безбедноста на двете институции дополнително беа воспоставени нови правила и ограничувања на уредите за заштита на системите од надворешни напади, а во поглед на подигнување на новите виртуелни машини претходно беа направени низа тестирања и подесувања за непречена миграција на кор бизнис ситемот на Македонската берза во новата околина.
За потребите на новиот систем извршена е надградба на комуникациските линкови на Депозитарот со услуга од компанија Неотел.
Согласно Програмата за работа за 2019 година на Депозитарот, како и Иницијалниот Инвестициски Протокол помеѓу Депозитарот и Берзата, како активност за обновување и одржување на хардверската опрема во делот на мрежните уреди на ЦДХВ извршено е обновување на лиценците за работа на firewall-ите.

### *Анализа за потребите и можностите за надградба или набавка на нов систем на Депозитарот*

Во текот на втората половина од 2019г, започната е изработка на *Анализа за потребите и можностите за надградба или набавка на нов систем на Депозитарот*. Имено, Системот на ЦДХВ, како ИТ архитектура фунционира на три нивоа, Клиентско ниво, Business rules & services и База на податоци. Додека Базата на податоци беше мигирирана и надградена со секоја нова верзија на MS SQL Server речиси сите измени на системот на првите две нивоа се направени користејќи ја почетната технологија на која иницијално е изработен системот. Меѓутоа, со развојот на новите ИТ технологии, како и новите концепти на изработка на web – базирани решенија, постоечкото софтверско решение за првите две нивоа – Клиентското и средното ниво може да се смета за застарено, имајќи ја предвид неизвесната поддршка од страна на Microsoft, како и неможноста истото на лесен начин да комуницира со други алатки. Оттука, се јави потребата за разгледување на можните опции за надминување на оваа состојба, притоа следејќи ги најдобрите пазарни практики и усогласувајќи се со европската регулатива од областа на финансиските инструменти и депозитарите на хартии од вредност.

За потребите на Анализата, беше формирана работна група во која учество земаа раководството на Берзата и избран претставник од страна на Комисијата за работа со хартии од вредност при Македонската банкарска Асоцијација којашто работна група предложи да се продолжи со изработка на Анализата, при што треба да има поширока консултација со членките преку испраќање на прашалници.

Воедно, во 2019г. беа остварени посети на неколку депозитари во регионот како што се Централни регистар депо и клиринг хартија од вредности Београд, Централен Депозитар АД - Бугарија и KDD - Centralna klirinško depotna družba, d.d. Slovenia. Целта беше да се добијат информации за трошоците за имплементација на комплетно ново софтверско решение со готови функционалности или можноста постојното решение на Депозитарот да биде надоградено со нови функционалности и апликативниот софтвер да биде преработен во нова софтверска технологија.

По посетите на бугарскиот и словенечкиот депозитар, како можни понудувачи на софтвер, до истите се испратени листа на прашања со кои подетално би се добила слика за функционалностите и можноста на имплементирање на понудените софтвери.
Се очекува оваа активност да продолжи и во 2020-та година.

### *Останати развојни активности*

Согласно новината членките-чувари да бидат учесници во порамнувањето успешно е имплементирано ново софтверското решение кое ја овозможи оваа функционалност и започна да се применува од 01.07.2019г. Решението претходно беше развивано и тестирано на тест околина при што е извршена соодветна измена на постојните процедури, а истовремено се спроведени низа тестирања со користење на тест-системот на Дирекцијата за платни системи од НБРСМ.
Во оваа година продолжи активно следење на функционалноста на новиот дистрибутивен систем – Портал за имателите и издавачите на хартии од вредност. Се следеа сите активности на регистрираните корисници и во случај на потреба веднаш се корегираа констатираните недоследности. Се согледуваа и потреби од измена на некои извештаи и функционалности кои се корегираат и активно тестираат пред да бидат имплементирани во продукциската оклина на Порталот.
На почетокот на 2019г, следејќи ги измените на Правилата за работа од крајот на 2018 година имплементирано е софтверско решение кое овозможува отворање на нови иматели и нови сопственички сметки од страна на членките - берзански посредници. Истовремено ова решение им овозможува на членките – берзански посредници пребарување на сопственичките сметки спред внесениот идентификационен број на имател на сметката. Со примената на ова софтверско решение, во текот на 2019г од страна на членките – берзански посредници се отворени 343 нови иматели и ист број на сопственички сметки.

### *Одржување на хардверска и мрежна опрема и комуникациски линии*

За потребата на новиот ИТ центар, од страна на фирмата НЕОТЕЛ, пуштен е во употреба нов сервис Национална етернет приватна линија помеѓу локациите ЦДХВ и НЕОКЛАУД Скопје. Станува збор за L2 етернет поврзување со брзина ограничена на 20Mbps за потребите на Централниот депозитар и 20Mbps за потребите на работењето на Македонската берза. Линијата се користи за конекција со членките и за репликација на серверите, односно DRaaS-Z услугата која претставува решение базирано на Zerto технологија. Со активацијата на овој сервис обезбеден непрекинат и брз проток на информации помеѓу ЦДХВ локација и членките, и непречена репликација на серверите на Disaster Recovery локација.
За испорачување на интернет услуги на корисниците на порталот за идавачи и иматели на хартии од вредност на Депозитарот, како и за објавување на веб страната на Депозитарот склучен е договор со компанијата Телеком АД Скопје за услуга интернет симетричен пристап од 50 Mbps.
Во рамките на редовното годишно тестирање и проверка на исправноста на уредите за непречено и континуирано електрично напојување на компјутерската опрема на Депозитарот во систем салата и опраторските простории, извршена е контрола на дизел агрегатот и УПС

уредите од страна на фирмата Фибернет. Направена е и годишна проверка и замена на филтрите за прочистување на воздухот на уредот за климатизација.
Спроведено е редовоно годишно одржување и тестирање на исправноста и функционалноста на ППЗ системот инсталиран во систем салата на Депозитарот од страна на фирмата Огно-Превент со која Депозитарот има склучено Договор за редовно одржување на оваа опрема.
Во текот на годината редовно се вршеа квартални тестирања на редундантноста на линиите за примарно и бекап поврзување на ЦДХВ со Платните системи во НБРМ.

### *Disaster Recovery локација на Депозитарот*

Во текот на 2019г. извршено е успешно тестирање на функционалностите на системот на Депозитарот на Disaster Recovery локација. Тестирањето се изведе интерно во рамките на интерниот систем на Депзитарот, каде се подигнаа виртуелните машини во Disaster Recovery околина при што се активираа примарните оперативни процеси.
Како Disaster Recovery решение Депозитарот ја користи т.н. услуга DRaaS-Z која претставува решение базирано на Zerto технологија, за репликација на виртуелни машини од on-premise инфраструктура на Депозитарот во дедициран виртуелен дата-центар на компанијата Неоком АД Скопје. Услугата овозможува RPO во секунди и минути, наместо во часови и денови. Сите сегменти на решението можат да се управуваат од страна на Депозитарот, при што е обезбедена целосна контрола, како и увид во заштитата, односно RPO. Главните предности на DRaaS-Z се помали трошоци во однос на другите решенија, непрекината репликација, независноста од хардверската опрема на Депозитарот како и автоматизацијата на сите софтверски процеси.

### *Контрола на ИТ системот на Депозитарот од страна на КХВ*

Во период од 04.11.2019г. до 02.12.2019г., Комисијата за хартии од вредност на РСМ спроведе вонредна контрола/надзор над работењето на Депозитарот, при што е составен Записник број 08-1172/3 од 03.12.2019г., а за утврдената фактичка состојба сочинет е *Извештај од извршената контрола и работата на ИТ опремата на Депозитарот* којшто е составен дел на Записникот. При контролата не се констатирани неправилности, а Комисијата укажа на потребно дополнително тестирање и преконфигурации кои треба да се извршат во рок од шест месеци.

### *Обуки и следење на нови технологии*

Како активност на редовно и континуирано следење на најновите трендови и технолошките решенија за справување со Cyber нападите и како Депозитарот да се заштити од нив и да ја ограничи сериозноста на нападите и да обезбеди нејзин постојан континуитет во работењето и покрај нападот, Депозитарот зема учество на работилницата на тема Cyber Resillience организирана од страна на ECSDA во Брисел. Работилницата беше особено корисна од аспект на согледување на искуствата на другите Депозитари, нивните предизвици и проблемите со кои се соочуваат независно од големината на самата организација.

# 6. Правни и нормативни активности

### *Изменување и дополнување на акти на Депозитарот кои подлежат на согласност од КХВ*

Одлука за изменување и дополнување на Правилата за работа на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје

На 18.01.2019 година, Депозитарот доби Известување од Комисијата за хартии од вредност поврзано со *Договорот за стратегиска соработка во областа на информатичка технологија и човечки ресурси во организационите единици за информатичка технологија на Македонска берза АД Скопје и Централниот депозитар АД Скопје склучен на 22.03.2018 година*, со кое што се посочи на потребата од нормативно регулирање во Правилата за работа на ЦДХВ АД Скопје на одредени аспекти од интеграцијата на ИТ центрите Берзата и Депозитарот.
Поаѓајки од насоките добиени од КХВ, на својата 6-та седница, одржана на 30.01.2019 година, Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје донесе Одлука за изменување и дополнување на Правилата за работа, на којашто Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија даде согласност со Решение УП1 бр.08-5 од 15.02.2019 година.

Одлука за изменување и дополнување на Тарифата на услугите што ги врши Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје за учесниците во работата на Депозитарот и корисниците на неговите услуги

Депозитарот, на 05.07.2019 година до Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија достави *Одлука за изменување и дополнување на Тарифата на услугите што ги врши Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје за учесниците во работата на Депозитарот и корисниците на неговите услуги,* донесена на седница на Одборот на директори на Депозитарот одржана истиот ден.
Предмет на измени беа зголемувањата на актуелните надоместоци како резултат на фактот дека дел од нив не беа предмет на ревидирање уште од 2001 година, а порастот на Индексот на продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар (PPI Index) за периодот 2001-2016 година се зголемил за 39,38%, што Одборот на директори го процени како издржан аргумент за неопходноста на измените на надоместоците кои се однесуваат на издавачите. Дополнително, беше извршено редефинирање на одредени надоместоци со цел да се стимулираат издавачите да го користат дистрибутивниот систем на Депозитарот за преземање на потребните извештаи, а со тоа и намалување на обемот на присуство на странки во просториите на Депозитарот.
Понатаму, со измените на Тарифата се укина воведеното ослободување на наплатата на надомест за порамнување на трансакции склучени на овластена берза со државни хартии од вредност, бидејќи ослободувањето беше предвидено сé до воведување на надоместот за порамнување на ОТЦ трансакции, кои пак со овие измени се воведуваат во симболичен износ со цел да не се наруши ликвидноста на овој пазар. Имено, од почетокот на функционирање на ОТЦ пазарот па се до овој момент Депозитарот нема наплатувано никаков надомест за порамнување на ОТЦ трансакции и покрај тоа што заради стимулирање на пазарот првично беше предвидено надоместоци да не бидат наплатувани во период од само една година, а Депозитарот одржува систем за порамнување на овие трансакции веќе15 години.

Сите погоре презентирани измени КХВ ги одобри со Решение бр. УП1 08-63 од 07.08.2019 година.

Правила за прекугранично порамнување на трговски трансакции со хартии од вредност и поврзување со други депозитари или странски институции кои вршат порамнување на трансакции со хартии од вредност

Одборот на директори на Депозитарот, на 05.07.2019 година, до КХВ достави *Правила за* прекугранично *порамнување на трговски трансакции со хартии од вредност и поврзување со други депозитари или странски институции кои вршат порамнување на трансакции со хартии од вредност.*
Ова е нов акт кој се донесува за прв пат врз основа на измени во Законот за хартии од вредност, усвоени на иницијатива на Депозитарот.
Според овие Правила, се воведува нова услуга која ќе ја врши Депозитарот според која Депозитарот ќе отвора сметки за прекугранично порамнување на име на странски депозитари, односно странски институции кои вршат порамнување на хартии од вредност, врз основа на меѓусебно склучен договор, при што идентитетот на клиентите чии хартии од вредност се евидентираат на сметката за прекугранично порамнување ќе биде познат само на членките на странскиот депозитар, а сопственик на хартиите од вредност е членката или нејзини клиенти и тие се одвоени од имотот на странскиот депозитар.
Правилата, ја даваат општата рамка за спроведување на прекуграничното порамнување, додека техничките аспекти за спроведување на прекуграничното порамнување ќе се уредат со посебни технички упатства, како и со посебни договори кои Депозитарот ќе ги склучува странските депозитари, односно странски институции кои вршат порамнување на хартии од вредност, а за кои Депозитарот ќе ја врши услугата на прекугранично порамнување. Во суштина, овој процес е своевидно надоградување на СЕИ ЛИНК платформата.
КХВ донесе Решение од 30.07.2019 година со кое даде согласност на предложените Правила.

### *Активности на Депозитарот во врска со измени во легислативата*

Учество во изработка на измените на начинот на оданочување на капиталната добивка

Во текот на 2019-та година, Депозитарот беше ангажиран во активностите за изготвување на анализите за можните приходи од данокот на капитална добивка од хартии од вредност. Имено, согласно Законот за данок на личен доход кој стапи во сила на 01.01.2019г., беше предвидено оданочувањето на приходите од капиталната добивка од хартии од вредност да започне од 01.01.2020г. Министерството за финансии како изработувач на Законот преку Комисијата за хартии од вредност побара изработка на анализа за можните приходи од данокот на капитална добивка. ЦДХВ ја изработи анализата за 2018г. и 2019г., при тоа поставувајќи критериуми за пресметка на данокот од капитална добивка од хартии од вредност стекнати по 01.01.2018г. за имателите на хартии од вредност регистрирани во ЦДХВ.

Како резултат на сеопфатните анализи, данокот од капитална добивка доби одложена примена за 3 години, спроведена преку измена на Законот за личен доход и изработка на подзаконски акти кои во целост ќе ја регулираат оваа материја.

Учество во работни групи за изготовка на нова регулатива поврзана со пазарот на капитал

Во текот на 2019-та година, Депозитарот преку свои претставници активно учествуваше во работните групи формирани заради изработка на два клучни закони од сферата на пазарите за финансиски инструменти:

- Законот за финансиски инстументи и

- Законот за проспекти и обврски за транспарентност на издавачите.

Работните групи се сочинети од претставници на сите засегнати страни: МФ, НБРСМ, ЦДХВ, КХВ, Комисијата за работа со хартии од вредност (поранешна брокерска групација). Двете работни групи одржаа серија состаноци на кои детално се разгледуваа одредбите од Нацрт Законите. Заради важноста на разгледуваната материја, на состаноците на работните групи претходеа интерни состаноци на вработените во Депозитарот со цел изготвување на квалитетни закони кои ќе бидат успогласени со Европската регулатива, а истовремено ќе бидат прилагодени на условите и досегашните практики на домашниот Пазар на капитал. Оваа активност ќе продолжи и во 2020-та година кога и се очекува да биде финализиран конечен текст на Законот за финансиските инструменти.

Работната група за Законот за проспекти и обврски за транспарентност на издавачите го заокружи првото читање и усогласување на Законот со Директивите 2004/109/ЕС, 2007/4/ЕС и 2013/50/EU на Европската комисија и со постоечкиот Закон за хартии од вредност, при тоа следејќи ги искуствата во имплементацијата на прописите од оваа област во земјите од регионот.

Акционен план за усогласување со европската регулатива за депозитари за хартии од вредност и најдобрите практики

Во текот на 2019-та година, започната е изработка на Акционен план за усогласување со европската регулатива за депозитари за хартии од вредност и најдобрите практики. Планот ги опфаќа потребните активности кои треба да ги преземе депозитарот, со цел усогласување со Принципите за инфраструктурните институции на финансискиот пазар (Principles of financial market infrastructures), како и Регулативата за централни депозитари за хартии од вредност (Regulation (EU) No 909/2014 of the European Parliament and of the Council of 23 July 2014 on improving securities settlement in the European Union and on central securities depositories and amending Directives 98/26/EC and 2014/65/EU and Regulation (EU) No 236/2012) која е една од клучните европски регулативи усвоени по финансиската криза. Главните цели на регулативата се: хармонизирање на различните правила кои се однесуваат на депозитарите во Европа, воспоставување на еднакви услови за сите депозитари, зголемување ефикасноста на порамнувањето и инфраструктурите кои вршат порамнување на трансакции со хартии од вредност, да се зголеми безбедноста на депозитарите преку воведување на прудентни барања усогласени со меѓународните стандарди и да се создаде интегриран пазар без дистинкција помеѓу национални и прекугранични трансакции со хартии од вредност. Имајќи го во предвид широкиот опсег на Регулативата, планирањето на усогласувањето, изготвувањето на акциони планови за имплементација и постепено усогласување со барањата на регулативата ќе бидат приоритет за ЦДХВ и во периодот кој следи, за што ќе бидат потребни и соодветни обуки на вработените и размена на искуства со сродни институции.

### *Интерни процедури*

Упатство за отворање на сопственичка сметка од страна на членките на Депозитарот – берзански посредници

Во месец февруари 2019-та година донесено е *Упатство за отворање на сопственичка сметка од страна на членките на Депозитарот – берзански посредници*, со кое за прв пат се уредува можноста за отворање на сопственички сметки на хартии од вредност од страна на членките на Депозитарот – берзански посредници. Со Упатството е пропишана потребната документација, врз основа на која берзанските посредници може да отвораат сопственички сметки на хартии од вредност на баратели - домашни и странски, правни и физички лица, начинот на идентификација на барателите, начинот на архивирање и чување на поднесената

документација, како и проверката од страна на Депозитарот во поглед на постапувањето на берзанскиот посредник, при отворањето на сметките.

## Измени на Техничкото упатство за користење на апликацијата на ЦДХВ за членките на Депозитарот – берзански посредници

Во текот на месец февруари 2019 година, извршниот директор на Депозитарот исто така донесе и Одлука за изменување и дополнување на Техничкото упатство за користење на апликацијата на ЦДХВ за членките на Депозитарот – берзански посредници, со која се пропишани начинот и постапката за користење на апликацијата на ЦДХВ при отворање на сопственички сметки од страна на берзанските посредници. Имено, во Техничкото упатство, додадено е ново Поглавје: „Иматели и сметки" во кое е пропишана процедурата за регистрирање на нов имател на сметка, процедурата за отворање на сопственичка сметка, како и процедура за пребарување на сопственичка сметка на одреден имател.
Веднаш по донесувањето на овие акти, од страна на Дирекцијата за информатичка технологија беа контактирани берзанските посредници за инсталирање на нова верзија на софтверот и кратка обука за користење на функционалноста за отворање на сметки.
Ова Упатство уште еднаш во текот на 2019-та година беше предмет на измени поради воведување на можноста на членките-чувари да учествуваат на паричната страна на порамнувањето со цел да се појасни дека износот на паричните средства кој е даден во апликацијата, во деот Информации за порамнувањето се однесува на сите тргувања во кои учествувал брокерот, а не се однесуваат и не ги вклучуваат збирните и старателски сметки. Дополнително, направено е и усогласување на дневната програма дадена во Анексот.

## Техничко упатство за користење на апликацијата на ЦДХВ за членките-чувари

Согласно новините на Законот за хартии од вредност, Правилата за членство и Правилата за работа на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје, за прв пат воведена е можноста на членките-чувари да бидат учесници во порамнувањето во делот на паричните средства, за клиентите со кои склучиле договор за чување на хартии од вредност или договор за чување на имот за инвестициски или пензиски фондови.

Поради измените на претходно наведената регулатива, донесено е и ново Техничко упатство за користење на апликацијата на ЦДХВ за членките-чувари со кое престанува да важи Техничкото упатство за користење на апликацијата на ЦДХВ за старателски банки бр. 01-5892/1 од 07.11.2014 година.

## Измени на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на ЦДХВ АД Скопје

На седницата одржана на 05.07.2019 година беше донесена Одлука за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на ЦДХВ АД Скопје со којашто измена се воведе нова Дирекција задолжена за следење на глобалните и европски текови од аспект на регулативата која го засега работењето на Депозитарот.

## Упатство за проценката на ризик од перење пари и финансирање на тероризам

На седницата одржана на 05.07.2019 година, од страна на Одборот на директори беше усвоено *Упатство за проценката на ризик од перење пари и финансирање на тероризам*, како обврска од новиот Закон за спречување перење на пари и финансирање на тероризам според којшто ЦДХВ се уште е задолжен субјект за преземање на АМЛ мерки.

## Стратегија за управување со ризици на ЦДХВ АД Скопје

Со оглед дека согласно Програмата за работа на Депозитарот за 2019 година е предвидено донесувањето на Стратегијата како дел од процесот на усогласување со европското законодавство кое се однесува на депозитарите, во текот на третиот квартал е утврден нацрт текст на Стратегијата и истата е усвоена на седница на Одборот на директори одржана на 02.09.2019 година. Иако во законската регулатива не е пропишана обврска за постоење на рамка за управување со ризици, сепак Депозитарот преку донесување на оваа Стратегија ги презентира свои заложби за примена на добрите практики и Принципите за Инфраструктурите на финансиските пазари (Principles of Financial Market Infrastructures CPSS and IOSCO) од април 2012г, кои воспоставуваат нови интернационални стандарди за платните системи, централните депозитари за хартии од вредност, системите за порамнување со хартии од вредност и останатите инфраструктури на пазарот на капитал. Станува збор за иницијален документ кој ќе послужи како насока за изготвување на поконкретните акти со кои ќе се уреди управувањето со ризиците.

## Политики за одобрување на спонзорства и донации

Во октомври 2019 г., Одборот на директори на Депозитарот донесе Политики за одобрување на спонзорства и донации заради определување на јасни принципи и процедури за одобрување и исплата на барања за спонзорства и донации.

## Правилник за спроведувањето на внатрешна ревизија во ЦДХВ АД Скопје

Кон крајот на 2019-та година изготвени се измени на Правилникот за спроведување на внатрешната ревизија со цел да се овозможи зголемување на ефективноста и ефикасноста на процесите на ревизија.

## Правилник за плати и наградување на вработените во Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје

Измените на Законот за минимална плата иницираа измени во актуелниот *Правилник за плати и наградување на вработените во Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје* од аспект на укинување на референцирање на одредбите за коефициентите на сложеност, со оглед дека доколку опстанеа одредбите од актуелниот Правилник, истиот ќе предизвикаше финансиски импликации за Депозитарот. Освен тоа, беа направени и други интервенции во насока на усогласување со Општиот колективен договор од областа на стопанството и следење на трендовите и регулативата од областа на пазарот на труд.

## План за создавање на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на личните податоци и Правила за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните податоци

Воведувањето на Дистрибутивниот систем на Депозитарот и спроведувањето на редовните внатрешни контроли на системот за заштита на личните податоци наметнаа потреба од ажурирање на актите за заштита на личните податоци во насока на воведување на нови збирки на податоци, ажурирање на податоците кои ги обработува Депозитарот, начинот на којшто се чуваат, и изработка на сигурносните копии и утврдување на локации за нивна заштита.

## *Известувања до Комисијата за хартии од вредност на РМ*

Во текот на 2019 година Депозитарот редовно и навремено ги доставуваше до КХВ со закон и со правилници пропишаните известувања:

- Известувања за стекнати повеќе од 5% на хартии од вредност издадени од акционерско друштво со посебни обврски за известување и котирани акционерски друштва
- Известувања за новоиздадени хартии од вредност
- Месечени извештаи за работењето на ЦДХВ АД Скопје
- Известувања во однос на уписи, бришења и ажурирања на Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување

Воедно, во повеќе наврати, на ad hock основа, Депозитарот на барање на КХВ доставуваше податоци за евидентирани состојби во неговиот систем.

## *Активности во врска со одржани акционерски собранија и промени во составот на Одборот на директори*

Одборот на директори на Депозитарот, на својата седница одржана на 17.04.2019 година, донесе Одлука за свикување на 25-то годишно Собрание на акционерите, коешто се одржа на 22.05.2019 година.

На одржаната седница, Собранието во рамките на своите надлежности, во согласност со Законот за хартии од вредност, Законот за трговски друштва и Статутот на ЦДХВ, одлучуваше и ги одобри/усвои следните материјали:

1. Извештај за работата на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2018 година.
2. Извештај за работата на Одборот на директори на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2018 година, колективно и од аспект на поединечни членови,
3. Годишна сметка на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2018 година.
4. Финансиски извештаи на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2018 година, ревидирани од овластено ревизорско друштво со Извештај од овластен ревизор за ревизијата на финансиските извештаи за 2018 година и Извештај од неизвршните членови на Одборот на директори за резултати од извршената контрола.
5. Предлог Одлука за распоредување на нето добивката остварена по годишната сметка за 2018 година.
6. Предлог Одлука за исплата на дивиденда од акумулирана добивка за период од 2006-2017 година.
7. Годишен извештај за работењето на Одделението за внатрешна ревизија за 2018 година.
8. Програма за работа на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2019 година.
9. Предлог Одлука за назначување овластен ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2019 година.
10. Известување за поднесена оставка на Проф. др. Горан Петревски од функцијата независен, неизвршен член на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје.
11. Предлог Одлука за избор на независни, неизвршни членови на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје.
12. Предлог Одлука за утврдување на награда на неизвршните членови на Одборот на директори на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје поради успешно завршена деловна година.
13. Предлог Одлука за избор на членови на Комисија за арбитража.

### *Други правни и нормативни активности*

- На 23.05.2019 година од страна на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија извршена е непосредна, теренска контрола во просториите на седиштето на Депозитарот. Контролата беше претходно најавена со Известување бр.08-553/2 од 16.05.2019 година и опфаќаше контрола врз целокупното работење на Депозитарот за период од 01.01.2018 до 17.05.2019 година. При извршувањето на контролата не беа констатирани неправилности во работењето на Депозитарот.
- Во 2019-та година, Депозитарот и Здружението за остварување на заеднички интереси на банките и унапредување на нивното работење при Македонска банкарска асоцијација склучија Меморандум за соработка со којшто се утврди рамката за соработка во областа на финансиското работење и работењето со хартии од вредност, со цел унапредување на состојбите на финансискиот пазар и пазарот на хартии од вредност во Република Северна Македонија.
- Во текот на месец декември потпишан е Договор за вршење на надворешна контрола на системот за заштита на лични податоци со Друштво за консалтинг и информатички инженеринг НЕТ-БИТ ДООЕЛ Скопје. Предмет на овој Договор беше надворешна контрола на системот за заштита личните податоци на Депозитарот, а согласно обврската која произлегува од Законот за заштита на личните податоци за вршење на надворешна контрола на секои три години. Веднаш по потпишувањето на Договорот беше спроведена надворешна контрола на информацискиот систем и информатичката инфраструктура на контролорот со цел да се провери дали постапките и упатствата содржани во документацијата за технички и организациски мерки се применуваат и се во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

## 7. Меѓународна соработка

- Во текот на 2019 година, Депозитарот беше во постојана комуникација со меѓународните организации во кои членува како полноправна или асоцијативна членка;
- На 9. март 2019 во Мадрид се оддржа вонредното Генерално собрание на ECSDA. На Собранието Депозитарот беше застапуван од страна на Sredisnje klirinsko depozitarno drustvo d.d. од Хрватска.
- Во текот на првиот квартал од 2019 согласно насоките за работа на ANNA, доставен е master фајл кој ги содржи податоците за сите регистрирани емисии во Депозитарот, како и податоци за индексите mbi10, omb, seelinx и seelinx ewi.
- во текот на првиот квартал до ANNA е испратен редовниот годишен извештај кој содржи статистички податоци за бројот на издадени isin, cfi,fisn кодови.
- Почитувајќи го У*ставениот закон за спроведување на амандманите од xxxiii до xxxvi на Уставот на Република Северна Македонија,* Депозитарот достави барање до ANNA и до ECSDA за промена на името на државата под која е регистрирано во горeспоментатите меѓународни организации.
- Од 4-ти до 6-ти февруари 2019 година, тројца претставници од ЦДХВ АД Скопје беа во во работна посета на СКДД – Хрватски депозитар за хартии од вредност. Во рамките на посетата оствариja средби со раководниот тим и беа одржани работни состаноци со претставници од вработените, при што од страна на СКДД беа елаборирани искуствата при процесот на усогласување со CSDR
- На 16 мај 2019 во Букурешт, Романија се оддржа редовното Генерално собрание на ECSDA и состанок на Бордот на директори. На Собранието, Депозитарот беше застапуван од страна на извршниот директор на Depozitarul central од Романија.
- На 13 и 14 јуни 2019, во Франкфурт, Германија се оддржа Генералното собрание на ANNA на кое Депозитарот учествуваше со свои претставници. На Собранието беа донесени повеќе резолуции за прифаќање на измени на некои од позначајните документи како што се насоките за доделување на исин броеви, насоките за членство и партнерство, финансикиот извештај за 2018 година, востанувавање на нова работна група за технологија и др.
- Од страна на секретаријатот на ANNA беше побарано изјаснување во врска со ISIN-LEI мапирањето и приклучувањето на членките на ANNA кон ISIN-LEI иницијативата. Во врска со ова, ANNA беше известена дека иако користењето на LEI кодовите од страна на издавачите и учесниците на пазарот на капитал е регулирано со Европските регулативи, сепак, во догледно време – се до приклучувањето на Северна Македонија кон Европската Унија, домашните издавачи и членки на Депозитарот немаат законска обврска да имаат LEI код. И покрај тоа, Депозитарот ќе ги разгледува можностите за започнување со мапирање на ISIN и LEI кодовите на издавачите кои веќе имаат или во иднина ќе добијат LEI кодови.
- На 27, 28 и 29 ноември 2019 во Монтевидео, Уругвај, беше оддржана Работилница и Вонредно генерално собрание на ANNA. Депозитарот ја овласти SKDD (Središnje klirinško depozitarno društvo d.d.) од Хрватска да го застапува на собранието.
- И оваа година, депозитарот беше дел од проектот на Асоцијацијата на глобални старатели – AGC за прибирање на информации од депозитарите. Прашалникот беше испратен преку платформата WFC Single Disclosure Report 2019.

## 8. Други позначајни активности во текот на 2019 година

- Во текот на првата половина од 2019г продолжија активностите за реализација на Проектот - Функционална надградба на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје Фаза 2 – Портал за инвеститори и издавачи.
Во текот на првиот и вториот квартал Проектот беше во фаза на гарантен период и во истиот се пријавени неколку случаи на грешки во извештаите кои се изготвуваат преку порталот при што сите случаи се навремено решени во договорената временска рамка наведена во табелата за реакции за време на гарантниот период. Проектот, со изминување на гаранцискиот период од една година беше успешно финиширан на 15.05.2019 година.
- Во текот на 2019 година е продолжена соработката со Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија. Спроведени се седум јавни берзански аукции со акции и удели во сопственост на ФПИОСМ. Порамнети се две трговски трансакции со акции и пет трговски трансакции со удели, а веднаш по порамнувањето кај една емисија на приоритетни акции е применета одредбата од член 19 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал (Службен весник на РМ бр. 38/93, 48/93, 21/98, 25/99, 39/99, 81/99, 49/00,6/02, 31/03, 38/04, 35/06, 84/07, 123/2012) со кој акциите со продажбата се претвораат во обични.
- На 26 јуни 2019 година, на работилница организирана од страна на ЕБРД, беше претставена Студијата на ЕБРД за „dormant accounts“ на која покрај претставници од Депозитарот, учествуваа и претставници од Комисијата за хартии од вредност на РСМ, Министерството за финансии, Македонска берза АД Скопје и домашни консултанти. На работилницита беа претставени двете предложени алтернативи кои ги разработува Студијата, за начинот и постапката на спроведување на процесот, засегнатите институции односно телата кои би се формирале за реализација на проектот, како и компаративни примери за спроведување на овој проект во земјите на регионот.
- Во текот на 2019, Депозитарот преку свој претставник учествуваше на состаноците на Работната група која работи на спроведување на Стратегијата за денаризација, која беше изработена согласно препораките од ЕУ, во рамки на Програмата за економски реформи (ПЕР), а во декември 2018 година беше усвоена од страна на Владата. Претставникот од Депозитарот беше назначен како носител на Работната група за исполнување на мерката Создавање инфраструктурни услови за зголемени инвестиции на нерезидентите на домашните финансиски пазари, по што, во соработка со претставници од Министерството за финансии и Комисијата за хартии од вредност е доставена информација во врска со Создавањето инфраструктурни услови за зголемени инвестиции на нерезидентите на домашните финансиски пазари.
- Во текот на 2019-та година, направена е измена на името на државата од Македонија во Северна Македонија. Оваа измена е резултат на регистрацијата на новото име во базата на Обединетите Нации на 14.02.2019, и по измената во ISO-3166 –стандардот за кодови на земји кој го применува Депозитарот. Поконкретно, оваа промена е резултат на Договорот на порамнување на разликите по Резолуцијата 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите Нации и Воспоставување на стратегиско партнерство меѓу страните, попознат во јавноста како Преспански Договор, што од своја страна доведе до промена на уставното име. Промената е извршена во главниот систем на Депозитарот, Порталот за инвеститори и издавачи, како и на веб страната на Депозитарот.
- Од аспект на архивското работење во декември 2019г. спроведена е набавка на софтвер за архивско работење од Македонски бизнис системи ДОО Скопје, кој се планира да започне со функција од 2020 година.

## 9. Примања на неизвршните членови на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје

Одборот на Директори на ЦДХВ АД Скопје на 31.12.2019 година го сочинуваат следните неизвршни членови наведени во овој табеларен преглед:

| **Име и презиме** | **Работодавец / Дејност** | **Членство во органи на управување на други трговски друштва** |
|---|---|---|
| 1. Гордана Дамеска | Шпаркасе банка Македонија АД Скопје<br>Дејност: Финансиско посредништво и банки | ЦДХВ АД Скопје, Претседател на Одбор на директори |
| 2. Коста Костовски | Еуростандард Банка АД Сопје<br><br>Дејност:Банкарство | ➢ ЦДХВ АД Скопје неизвршен член на Одбор на директори,<br>➢ Македонска Берза АД Скопје, Претседател на Одбор на директори<br>➢ Негорски Бањи АД Негорци, Неизвршен член на Одбор на директори |
| 3. Соња Бојаџиевска Угриновска | Комерцијална Банка АД Скопје<br>Дејност:Банкарство | ➢ ЦДХВ АД Скопје, неизвршен член на Одбор на директори |
| 4. Бобан Гоговски | ТТК Банка АД Скопје<br>Дејност:Банкарство | ➢ АД ТЕАЛ Тетово неизвршен член на Одбор на директори<br>➢ ЦДХВ АД Скопје, неизвршен член на Одбор на директори |
| 5. Проф. др. Ѓорѓи Гоцков | УКИМ - Економски факултет<br>Дејност: Високо образование и научно-истражувачка работа | ЦДХВ АД Скопје-неизвршен, независен член на Одбор на директори |
| 6. Маргица Порчу | Македонска берза АД Скопје<br>Дејност:Други финансиско-услужни дејности | ЦДХВ АД Скопје-неизвршен, независен член на Одбор на директори |
| 7. Ирена Николовска | Проагенс ДОО Скопје<br>Дејност: | ЦДХВ АД Скопје-неизвршен, независен член на Одбор на директори |

Годишните примања за 2019 година на наведените членови на Одборот на директори на ЦДХВ по основ на плата на годишно ниво и надоместоци од плата кај соодветниот работодавец и по основ на бонуси, осигурувања и други реализирани права кај соодветниот работодавец (доколку се исплатени) се следните редоследно според табеларниот преглед: 1. 969.124 денари плата и 54.882 денари дополнителни примања; 2. 2.582.400 денари плата, 180.000 денари надомест за членство во друг Одбор на директори и награда во износ од 86.102 денари ; 3 1.419.737денари плата, 50.804 денари надоместоци на плата; 4. 2.508.739 денари плата, 310.000 денари надомест за членство во друг Одбор; 5. 918.306 нето плата, 590.001 денари надоместоци на име авторски хонорари; 6.801.422 денари плата, 79.217 денари награда;
7. 833.958 денари плата и други права од работодавецот**,** сите дадени во нето износи.
По основ на членство во Одборот на директори на Депозитарот на сите членови им се исплатува месечен надомест во нето износ од 15.000 денари.
За 2018 година, поради успешно завршена деловна година, согласно Одлуката за исплата на награда на неизвршни членови на Одбор на директори на Собранието на акционери одржано на 22-05-2019 година, врз основа на која во случај на нето добивка од над 6 милиони денари на членовите на Одборот им се исплатува и награда во износ од 4 месечни паушали, исплатена е награда пропорционално на периодот на членство во Одборот. Согласно оваа одлука, награда ќе биде исплатена и за 2019 година, за што вкалкуларана е и сумата која ќе биде

исплатена до денот на доставувањето на даночниот биланс за 2019 година во Управата за јавни приходи.
Извршниот директор не членува во органи на управување на други останати друштва и податоците за неговите примања се дадени во глава 10 од овој Извештај.

## 10. Остварени финансиски резултати во 2019 година

Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје во деловната 2019 година оствари **вкупни приходи** во износ од **46,263 милиони денари**, што претставува намалување на вкупните реализирани приходи од 5,159 милиони денари или за 10% во 2019 година во однос на 2018 година. Во вкупните реализирани приходи во деловната 2019 година се вклучени и приходите од услуги од донација во износ од 495 иљади денари и приходи од донации-амортизација 559 иљади денари добиени од страна на Европска Банка за обнова и развој (ЕБРД) за Проектот “ Имплементација на дистрибутивниот систем-Портал на услуги на Депозитарот “. Намалувањето на реализацијата на вкупните приходи е резултат на намалена реализација на вкупните реализирани приходи од членките, особено кај приходите од порамнувањето на трансакциите склучени на Македонски Берза во деловната 2019 година во однос на 2018 година.

### Приходи

Вкупните приходи од камати изнесуваат 908 иљади и претставуваат 1,96% од вкупните приходи. Во вкупните приходи од камати се приходите од камати на орочени депозити, приходи од камати на депозити повидување, приход-принос остварен од продажба на удели во парични фондови, како и приходите од пресметани законски затезни камати. Намалената реализација на вкупните приходи од камати во деловната 2019 година во однос на 2018 година , е во делот на приходната ставка реализирани приходи по основ на камати од орочени денарски и девизни депозити поради намалувањето на каматните стапки од страна на Банките, но и поради разрочувањето на дел од вложените депозити во Банките, заради исплата на дивиденда на акционерите на Депозитарот од 8,300 милиони денари. Вкупните приходи од камати покажуваат намалување од 140 иљади или процентуален пад од 13% во 2019 година во однос на 2018 година. Во однос на планираната годишна проекција остварените приходи по основ на камати на депозити, приходи од камати на депозити повидување, приход-принос остварен од продажба на удели во парични фондови како и наплатените законски затезни камати се во рамките на предвидената проекција. На ден 31.12.2019 година Депозитарот има денарски депозити орочени на 6(шест) до 12(дванаесет) месеци во износ од 67,000 милиони денари и девизен депозит во износ од 36 иљади Евра односно 2,213 милиони денари на 12(дванаесет) месеци или вкупно денарски и девизни депозити во износ од 69.213 милиони денари.

Вкупните приходи по основ на провизии и надоместоци за 2019 година изнесуваат 43,704 милиони денари и претставуваат 94,47% во структурата на вкупните приходи. Вкупните приходи по основ на провизии и надоместоци покажуваат намалување од 3,909 милиони денари или процентуален пад од 8% во деловната 2019 во однос на 2018 година. Во однос на финансискиот план за 2019 година , приходите од провизии и надоместоци покажуваат намалување за 5,098 милиони денари или процентуален пад од 10% во однос на планираната годишна проекција за 2019 година.

Подетално подолу се презентирани сите видови приходи поединечно:

- Остварените приходи од членките на Депозитарот по основ на нивната годишна членарина за 2019 година изнесуваат 760 иљади денари. Во вкупните приходи овие приходи учествуваат со 1,64%. Реализацијата на приходите по овој основ покажува зголемување од 152 иљади денари или 25% процентен пораст во деловната 2019 година во однос на 2018

година. Зголемувањето на приходите по овој основ главно се должи на поголем исфактуриран надомест за пристап за членство, заради помалку реализирани приходи по основ на порамнување на трансакции со акции и обврзници на овластена берза. Причината на ваквото намалување на овие приходи е тоа што во текот на 2019 година е исфактуриран помал приход по основ на пристап од брокерските куќи, поради тоа што членките на Депозитарот имале промет од порамнување на трговски трансакции реализирани на Берза кој генерира месечен надомест од порамнување поголем од 50.000 МКД заради што можеле да го користат месечното ослободување од членарината.

- Остварените приходи по основ на порамнување на трансакции реализирани на овластена берза во 2019 година изнесуваат 15,348 милиони денари. Во вкупните приходи учествуваат со 33,18%. Приходите по основ на порамнувањето на акции и обврзници на овластената берза го носат најголемо учество во структура на вкупните реализирани приходи од членките. Остварените приходи по основ на порамнувањето со акциите и обврзниците на овластена берза покажуваат намалување од 6,402 милиони денари или процентен пад од 29% во 2019 година во однос на 2018 година. Остварените приходи по основ на порамнувањето со акциите и обврзниците на овластена берза покажуваат намалување од 4,652 милиони денари или процентен пад од 23% во 2019 година во однос годишната планирана проекција за 2019 година. Процентниот пад на остварените приходи по основ на порамнување на трансакции реализирани на овластена берза во 2019 година во најголема мерка е последица во делот на намалувањето на остварените реализирани приходи од порамнувањето на акции и обврзниците на Македонската Берза.

- Остварените приходи по основ на иницијален пристап во системот на Депозитарот за издавач на хартии од вредност изнесуваат 144 илјади денари. Учеството на овие приходи во вкупните приходи изнесува 0,31%. Кај остварените приходи по основ на иницијален пристап на друштвата во системот на Депозитарот е забележано зголемување од 48 илјади денари, или процентен пораст од 50% во 2019 година во однос на 2018 година. Реализираните приходи од иницијален пристап во системот на Депозитарот за издавач на хартии од вредност во 2019 година покажуваат зголемување од 24 илјади денари или процентен пораст од 20% во однос на годишната проекција за 2019 година. Зголемувањето на приходите по основ на иницијалниот пристап во системот на Депозитарот е како резултат на повеќе новоформирани акционерски друштва во Р.С.Македонија.

- Остварените приходи по основ на годишна евиденција за акции , како и годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на акции во 2019 година изнесуваат 13,917 милиони денари. Во вкупните приходи овие приходи учествуваат со 30,08% Приходите по овој основ покажуваат скоро иста динамика на реализација односно реализација од 98% во деловната 2019 во однос на 2018 година. Остварените приходи по основ на годишна евиденција за акции покажуваат реализација од 95% во 2019 година во однос на планираната годишна проекција за 2019 година, што значи дека остварените приходи по горе наведениот основ се во рамките на предвиденото.

- Остварените приходи по основ на годишен надомест за водење на евиденција на должнички долгорочни хартии од вредност со кои се тргува и не се тргува на пазарот, како и годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на должнички долгорочни хартии од вредност изнесуваат 2,200 милиони денари. Приходите по овој основ учествуваат во вкупните приходи со 4,76%. Остварените приходи по основ на годишен надомест за водење на евиденција на должнички долгорочни хартии од вредност со кои се тргува и не се тргува на пазарот, како и годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на должнички долгорочни хартии од вредност се во 100% износ реализирани во деловната 2019 година во однос на 2018 година, односно 99% износ реализирани во деловната 2019 година во однос на годишната планирана проекција во 2019 година.

- Остварените приходи по основ на упис на нови емисии на хартии од вредност во 2018 година изнесуваат 1.264 милиони денари. Во вкупните приходи истите учествуваат со 2,73%. Остварените приходи по основ на упис на нови емисии реализирани во износ од 1,264 милиони денари, претставува намалување на приходите по овој основ од 256 илјади денари, или процентен пад од 17% во 2019 година во однос на 2018 година. Во поглед на планираната годишна проекција , остварените приходи по основ на уписи на нови емисии на хартии од вредност во деловната 2019 година покажуваат намалување од 496 илјади денари или процентен пад 28% во однос на годишната планирана проекција за 2019 година. Намалувањето на приходите по основ на уписи на нови емисии на долгорочни хартии од вредност главно се должи на намалениот број на издадени емисии во 2019 година споредено со 2018 година.

- Остварените приходи од правни лица за извршени услуги по Тарифа на Депозитарот по основ на регистрација на подароци на хартии од вредност, нетрговски преноси, услуги за преземање на АД, стандардни извештаи, акционерски книги во печатена форма и магнетен медиум, изводи, потврди за иматели на хартии од вредност, доставување на податоци до институции, корпоративни дејства, приходи од извештаи генерирани преку порталот и слично во 2019 година изнесуваат 8,945 милиони денари. Во вкупните приходи истите учествуваат со 19,34%. Остварените приходи од правни лица за извршени услуги на правните лица по Тарифа на Депозитарот, таксативно наброени погоре, покажуваат зголемување од 3,007 милиони денари или процентен пораст од 51% во 2019 година во споредба со 2018 година. Остварените приходи од правни лица за извршени услуги на правните лица по Тарифа на Депозитарот, таксативно наброени погоре, покажуваат зголемување од 945 илјади денари или процентен пораст од 12% во 2019 година во однос на годишната планирана проекција за 2019 година. Зголемувањето на вкупните приходи од правни лица за извршени услуги по Тарифа на Депозитарот е резултат на генерираниот исфактуриран приход во Септември-2019 година по основ на преземањето на Охридска Банка од страна на Шпракасе Банка.

- Остварените приходи од физички лица за извршени услуги по основ на подароци на хартии од вредност, нетрговски преноси, акционерски книги во печатена форма и магнетен медиум, изводи и слично изнесуваат 954 илјади денари. Во вкупните приходи истите учествуваат со 2,06%. Во однос на минатата година, во која се реализирани приходи по услуги по Тарифа на физички лица од 1,072 милиони денари, остварените приходи по овој основ се намалени за 119 илјади денари, или бележат пад од 11% во 2019 година во однос на 2018 година. Во поглед на планираната годишна проекција , остварените приходи по основ на приходите од услуги на физичките лица по Тарифа на Депозитарот се во рамките на предвидената годишна проекција за 2019 година.

- Остварените приходи по основ на увиди и копии од акционерски книги изнесуваат 171 илјада денари. Во вкупните приходи истите учествуваат со 0,37%. Остварените приходи по основ на увид и копии во акционерските книги се намалени за 65 илјади денари, или бележат процентуален пад од 28% во 2019 година спрема 2018 година. Во поглед на планираната годишна проекција , остварените приходи по основ увиди и копии во акционерски книги покажуваат намалување од 79 илјади денари или процентуален пад од 32% во однос на планот. Намалувањето на приходите од услуги по Тарифа на физичките лица е пред се поради намалениот интерес од страна на акционерите за увиди и копии во акционерските книги на акционерските друштва.

- Остварените останати приходи од дејност во 2019 година изнесуваат 1,651 милиони денари. Вкупните останати приходи од дејност учествуваат со 3,57% во вкупните приходи. Во вкупните останати приходи од дејност се и приходите од услуги од донација, приходи од донации-амортизација за материјални и нематеријални вложувања добиени со грант од страна на Европска Банка за обнова и развој (ЕБРД) за Проектот "Имплементација на дистрибутивниот систем-Портал на услуги на Депозитарот", приходите по основ на

позитивни курсни разлики, наплатени отпишани побарувања, наплатени провизии за услуги, приходи од поврат на полиса за менаџерско осигурување, како и други наплатени приходи. Остварените останати приходи од дејност во износот од 1,651 милиони денари покажуваат намалување од 1,109 илјади денари или процентуален пад од 40% во 2019 година во однос на 2018 година, бидејќи повеќето активности поврзани со донациијата дадена од страна на ЕБРД за Порталот се завршени во 2018 година, а многу мал дел од активностите за Порталот остана да биде завршен заклучно со Март-2019 година. Истовремено, приходите по основ на донации добиени од ЕБРД, се едновремено и расходи на име донации-амортизација која е реализирана со активирањето на софтверот и хардверот. Приходите и расходите од донации од ЕБРД се вклучени како приходни-расходни ставки во останатите оперативни приходи-расходи во Билансот на успех.

## Расходи

Вкупните расходи остварени во деловната 2019 година изнесуваат **37,262 милиони денари**, што претставува намалување на вкупните реализирани расходи од 4,108 милиони денари или за 10% во 2019 година во однос на 2018 година. Во вкупните реализирани расходи во деловната 2019 година се вклучени и расходите од услуги од донација во износ од 495 илјади денари и расходи од донации-амортизација 559 илјади денари добиени од страна на Европска Банка за обнова и развој (ЕБРД) за Проектот “ Имплементација на дистрибутивниот систем-Портал на услуги на Депозитарот “. Намалувањето на реализацијата на вкупните расходи е намалувањето на пооделни трошковни ставки во рамките на вкупните реализирани расходи во деловната 2019 година.

Подетално подолу се презентирани сите видови реализирани расходи:

- Во 2019 година расходите за провизии и надоместоци главно се направените трошоци за банкарски провизии и истите изнесуваат 135 илјади денари. Расходите по овој основ во вкупните расходи учествуваат со 0,36%. Трошоците за провизии за банки покажуваат зголемување за 16 илјади денари или 14% процентен пораст во 2019 година во однос на 2018 година. Трошоците за банкарски провизии и надоместоци се во рамките на годишната планирана проекција со многу мал процентен пораст од 4% во однос на планираното ниво. Ваквото зголемување на банкарските провизии и надоместоци пред се се должи на новото тарифирање за плаќање на провизиите на Банките за годишното одржување на сефовите, како и провизиите за користењето на услугите на Порталот кој се на терет на Депозитарот.
- Вкупните реализирани трошоци на име плати и трошоци по колективен договор (регрес и друго ) изнесуваат 15,539 милиони денари и во структурата на вкупните расходи учествуваат со 41,70%. Во рамките на вкупните реализираните трошоци на име плати и трошоци по колективен договор (регрес за годишен одмор, здравствени прегледи, стручно оспособување, отпремнина во пензија), е вкалкулирана и бруто платата на извршниот директор во износ од 3,148 милиони денари. Значајно отстапување на вкупните реализирани трошоци на име плати и трошоци по колективен договор во 2019 споредна со 2018 година нема. Во однос на планираната проекција вкупниот реализиран трошок на име плати покажува намалување од 1,831 милиони денари или процентуален пад за 11% во однос на годишната планирана проекција за 2019 година.
- Реализацијата на вкупниот трошок на амортизација изнесува 3,002 милиони денари во 2019 година. Вкупниот трошок на амортизација учествува во вкупните расходи 8,06%. Реализацијата на вкупниот трошок за амортизација покажува зголемување за 404 илјади денари, или 16 % процентуален пораст во 2019 година во однос на 2018 година. Зголемувањето на вкупниот трошок на име амортизација е резултат на активирањето на нематеријалните и материјалните средства во средината на септември 2018 година, т.е

само 4(четири) месеци во 2018 година спрема 12(дванаест) месеци за цела 2019 година. Во рамките на вкупниот трошок на амортизација се и спроведените инвестиционо-вложувачки активности т.е набавките на хардверот и софтверот неопходни за имплементацијата на дистибутивниот систем и воспоставување на заеднички ИТ центар со Македонската берза. Во делот на вкупниот трошок на амортизација се вклучени и трошоците на име амортизација за опремата во софтвер и хардвер добиена како донација од страна на Европската Банка за обнова и развој (ЕБРД ), кои се и приходи по основ донации добиени од Европската банка за обнова и развој (ЕБРД ). Во однос на планираната проекција вкупниот трошок на име амортизација се одвива во рамките на планот.

- Исправката на вредност на побарувањата од акционерски друштва во 2019 година изнесува 943 илјади денари. Исправката на вредност на побарувањата од акционерски друштва, како трошковна ставка учествува со 2,53% од вкупните расходи на Депозитарот за 2019 година. Во рамките на трошокот на име исправка на вредноста на побарувањата е редовната исправка на акционерски друштва кои доцнат во наплатата, исправка на акционерски друштва во стечај, бришани акционерски друштва како и до-исправката на акционерски друштва за кои според утврдени критериуми е направено обезвреднување поради неизвесноста на нивните плаќања. Забележен е пад во реализацијата на горе спомнатиот трошок од 540 илјади денари, или процентуален пад од 36% во 2019 година во однос на 2018 година. Во однос на годишната планирана проекција реализираните трошоци на име отпис и исправка на ненаплатените побарувања покажуваат намалување од 557 илјади денари или 37% процентуален пад во 2019 година од планот. Намалувањето на трошкот на име отпис и исправка на ненаплатените побарувања се должи како резултат на повеќе наплатени побарувања во 2019 година , главно по основ на годишни членарини за 2017 и 2018 година. Стручните служби на Депозитарот постојано вршат мониторинг за наплата на ненаплатените побарувањата од страна на акционерските друштва, како и активности за нивна присилна наплата, но се во насока на намалувањето на трошокот на име отпис и исправка на ненаплатени побарувања.

- Останатите расходи од дејност изнесуваат 17,642 милиони денари Вкупните останати расходи учествуваат со 47,34% од вкупните расходи на Депозитарот.

Во рамките на останатите расходи од дејност се јавуваат следните трошковни ставки:

- Трошокот-провизијата за регулаторниот надоместок спрема КХВ за надзор на Депозитарот изнесуваат 7,867 милиони денари. Трошокот за провизијата на КХВ учествува со 21,11% во структурата на вкупните расходи. Во однос на останати расходи од дејност, надоместокот кој Депозитарот го плаќа кон КХВ учествува со 44,59% како најголем трошок во неговата структура. Реализираниот трошок-провизија за регулаторниот надоместок спрема КХВ за надзор на Депозитарот покажува намалување од 2,973 милиони денари или 27% процентуален пад во 2019 во однос на 2018 година. Во однос на годишната планирана проекција за 2019 година реализираниот трошок-провизија за регулаторниот надоместок спрема КХВ за надзор на Депозитарот покажува намалување од 935 илјади денари или 11% процентуален пад во 2019 година. Намалувањето се должи на променетиот начин на пресметка на трошокот т.е пресметка врз основа на утврден процент од 18% за реализирани приходи по Тарифа на Депозитарот во 2019 година, за разлика што во 2018 година трошокот за регулаторниот надоместок се утврдуваше според вкупната номинална вредност на сите запишани ХВ во Депозитарот на последниот ден на тргување во претходната година.

- Материјалните и слични трошоци во 2019 година изнесуваат 1,515 милиони денари со учество од 4,06% во вкупните расходи. Во овие трошоци спаѓаат канцелариски материјал, трошоци за електрична струја, парно, гориво, вода, ѓубретарина, потрошен ситен инвентар и амбалажа, одржување хигиена, материјални трошоци за заедничките служби во Комплексот згради НБРСМ, резервни делови, потрошен материјал, новини, списанија и стручна литература. Значајни отстапувања во поглед на нивната реализација во 2019 година во однос на 2018 година, како и во однос на планираната проекција нема.

- Трошоците за услуги изнесуваат 3,006 милиони денари со учество од 8,07% во вкупните расходи. Во делот на трошоците за услуги најголем дел опфаќаат трошоците за сервисни услуги за деловни активности поврзани со имлементирањето на дистрибутивниот систем втора фаза и подготовка за интеграција на ИТ системите на Депозитарот и Македонска Берза, инсталации на Symantec лиценци, поштенски, телефонски трошоци, трошоци за мобилна т-фонија, нотарски, адвокатски, консултански и интелектуални услуги, интернет услуги, комунална такса, други непроизводни услуги, трошоци за плати за заеднички служби на НБРСМ, трошоците за финансиска ревизија и други.

- Трошоците за надомест за членови на Одбор на директори изнесуваат 2,183 милиони денари со учество од 5,86% од вкупните расходи. Во рамките на реализираните трошоци за членови на Одбор на директори се вкалкулирани трошоците по основ за месечен паушал, како и вкалкулираните награди за 2018 и 2019 година согласно Одлуката за исплата на награда на неизвршни членови на Одбор на директори на Собранието на акционери одржано на 22.05.2019 година.

- Реализираните трошоци за службени патувања во 2019 година изнесуваат 363 илјади денари со учество од 0,97% во вкупните расходи. Реализираниот трошок за службени патувања покажува намалување од 140 илјади денари или 28% процентуален пад во 2019 во однос на 2018 година. Во однос на годишната планирана проекција за 2019 година реализираниот трошок за службени патувања покажува намалување од 137 илјади денари или за 27% процентуален пад во 2019 година.

- Вкупните реализирани трошоци за репрезентација, реклама, спонзорство, донации и пропаганда во 2019 година изнесуваат 304 илјади денари со учество од 0,82% во вкупните расходи. Во рамките на вкупните реализирани трошоци за репрезентација, реклама, спонзорство, донации и пропаганда се трошоците на име репрезентација и трошоците на име спонзорство на спортски клуб како и хуманитарна донација за опожарена куќа. Трошоците по овој основ покажуваат намалување за 637 илјади денари, или за 68% процентуален пад во 2019 година во однос на 2018 година. Во однос на планираната проекција вкупните реализирани трошоци за репрезентација , реклама и пропаганда покажуваат намалување од 596 илјади денари или за 66% процентен пад во 2019 година во однос на планот. Намалувањето на вкупните трошоци за репрезентација, реклама, спонзорство, донации и пропаганда во 2019 година во однос на 2018 година, е поради реализацијата на име трошоци за реклама и пропаганда на Порталот, спонзорство за спортски реквизити во Домот за деца без родители, спонзорство за Годишна конференција на Македонска берза, како и донација на спортски клуб во 2018 година.

- Реализираните трошоци на име осигурување во 2019 година изнесуваат 375 илјади денари, со учество од 1,01% во вкупните расходи. Во трошокот за осигурување влегува реализацијата на трошокот на име на осигурувањето на деловниот простор, опрема и мебел, менаџерско осигурување како и осигурување од професионална одговорност. Реализираните трошоци за осигурување покажуваат зголемување за 276 илјади денари, или процентуален пораст од 276% во 2019 година во однос на 2018 година. Порастот на трошокот на име осигурување се должи на тоа што истиот се реализира во Октомври 2018 година и истиот е разграничен како трошок на период во 2019 година. Во 2018 година е реализиран само трошокот на име осигурување на деловниот простор, опрема и мебел и затоа и постои голема дискрепанца во неговата реализација во 2019 година. Значајни отстапувања во поглед на нивната реализација во 2019 година во однос на 2018 година , како и во однос на планираната проекција нема.

- Реализацијата на другите трошоци во 2019 година изнесува 1.533 милиони денари, со учество од 4,11% од вкупните расходи. Овие расходи во најголем дел се направени по основ на плаќање членарини за Европска Асоцијација на Централни депозитари за хартии од вредност (ECSDA), Асоцијација на национални нумерички агенции (ANNA), членарина за бизнис картичка, судски и административни такси трошоци за набавка на еднократни

лиценци поврзани со дистрибутивниот систем и заедничкиот ИТ центар со Македонската Берза и слично. Значајни отстапувања во поглед на нивната реализација во 2019 година во однос на 2018 година нема. Во поглед на годишната планирана проекција реализацијата на други трошоци во 2019 покажува намалување од 418 илјади денари или процентуален пад од 21% во 2019 година, поради набавени лиценци во декември 2019 година и кои трошковно ќе бидат разграничени во периодот од 2019 година до 2022 година.

* * *

Како резултат на остварени повисоки приходи од расходи, Депозитарот по Годишната сметка за 2019 година оствари добивка пред оданочување во износ од **9,001 милиони денари.**

Пресметаниот данок на добивка за 2019 година е пресметан во износ од **1.115 милиони денари** .Нето добивката за деловната година за 2019 година изнесува **7,886 милиони денари.**

* * *

**Вкупната актива** на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на ден 31.12.2019 година изнесува **100,001 милиони денари** Во структурата на активата најликвидните средства во износ од 71,855 милиони денари (паричните средства, како и депозити во банки орочени на 6(шест) до 12(дванаесет) месеци, со рок на разрочување од три дена во текот на 2019 година) учествуваат со 71,85%, што ја покажува финансиската стабилност на Депозитарот.

Учеството на материјалните и нематеријални средства од 20,367 милиони денари учествуваат со 20,36% од вкупната актива, а побарувањата од комитенти изнесуваат 6,804 милиони денари или 6,80% од вкупната актива. Во рамките на вкупната актива се и следните ставки, вложување од 1(една) акција во АННА-Асоцијација на национални нумерички агенции во износ од 76 илјади денари, останати побарувања – по основ на камати од депозити, по основ на преземени материјални и нематеријални средства од стечајни постапки и ликвидации и др. во износ од 232 илјади денари, како и одложени приходи и однапред платени трошоци во износ од 666 илјади денари разграничени во период од 2019-2022 година. Побарувањата од комитенти во голем дел произлегуваат од годишните членарини за водење на акционерските книги на акционерските друштва, од побарувањата од приходи за порамнување на овластена берза за месец декември-2019 година како и од услугите извршени за Министерство за финансии на Република Северна Македонија (особено побарувањата за годишниот надоместок за водењето на евиденцијата на долгорочни должнички хартии од вредност) кои се фактурирани на крајот од годината.

**Вкупната пасива** на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на 31.12.2019 година изнесува **100,001 милиони денари.** Вкупните обврски на 31.12.2019 година изнесуваат 4.576 милиони денари со учество од 4,57 во вкупната пасива Во рамките на вкупните обврски се обврските спрема добавувачите кои изнесуваат 1,279 милиони денари, обврски по одложеното плаќање на трошоци и приходи во идни периоди од донација изнесуваат 1,810 милиони денари, обврската за данокот на добивка во износ од 436 илјади денари а се однесува за данок на добивка по годишна сметка за 2019 година во износ од 363 илјади денари и обврската за аконтација за декември 2019 година во износ од 73 илјади денари, данок на додадена вредност кој достасува за плаќање во Јануари 2020 година во износ од 609 илјади денари, обврските по основ на пресметани провизии од банки 3 илјади денари и други обврски, односно обврски за вкалкулирана награда за 2019 година за членовите на Одбор на директори во износ од 439 илјади денари.

Капиталот и резервите на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на ден 31.12.2019 година изнесуваат 95,425 милиони денари Во рамките на капиталот и резервите запишаниот капитал изнесува 48.306 милиони денари, резервите 18.764 милиони денари, добивката за финансиската година 7,886 милиони денари и задржана добивка 20,469 милиони денари.

**Скопје,Март 2020 година**

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Гордана Дамеска**

Централен депозитар за хартии од вредност
ЦДХВ
АД

## 11. Прилог 1

### БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА ПЕРИОД 01.01-31.12.2019 година

| | Приходи | 2018 | 2019 | Индекс 2019/2018 | Програма 2019 | Индекс 2019/План |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Приходи од камати** | **1,048,603** | **908,265** | **87** | **950,300** | **96** |
| 2 | **Приходи од провизии и надоместоци** | **47,613,484** | **43,703,908** | **92** | **48,802,154** | **90** |
| | Надомест за прием на нови членки | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Годишна членарина за членство | 608,016 | 760,020 | 125 | 756,000 | 101 |
| | Приходи од порамнување на овластена берза | 21,750,146 | 15,348,144 | 71 | 20,000,000 | 77 |
| | Надомест за иницијален пристап во системот на ЦДХВ за издавач на хартии од вредност | 96,000 | 144,000 | 150 | 120,000 | 120 |
| | Приходи од годишен надомест за водење на евиденција за акциите, годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на акции, годишен надомест за водење на евиденцијата за акциите на издавач со пасивен статус | 14,181,736 | 13,917,284 | 98 | 14,685,154 | 95 |
| | Годишен надомест за водење на евиденција на ДХВ со кои се тргува и не се тргува на пазарот,како и годишен надомест за водење на сметки на сопственици на ДХВ | 2,210,780 | 2,200,510 | 100 | 2,231,000 | 99 |
| | Приходи од упис на емисии | 1,520,000 | 1,264,000 | 83 | 1,760,000 | 72 |
| | Приходи од правни лица за извршени услуги по Тарифа на ЦДХВ АД Скопје | 5,937,931 | 8,945,296 | 151 | 8,000,000 | 112 |
| | Приходи од физички лица лица за извршени услуги по Тарифа на ЦДХВ АД Скопје | 1,072,875 | 953,654 | 89 | 1,000,000 | 95 |
| | Приходи од увид и копија во акционерски книги по Тарифа на ЦДХВ АД Скопје | 236,000 | 171,000 | 72 | 250,000 | 68 |
| 3 | **Останати приходи од дејност** | **2,760,190** | **1,650,976** | **60** | **1,738,244** | **95** |
| | Приходи од донација | 1,569,886 | 495,035 | 32 | 494,460 | 100 |
| | Приходи од амортизација од донација | 300,913 | 559,046 | 186 | 547,784 | 102 |
| | Други приходи од дејност | 889,391 | 596,895 | 67 | 696,000 | 86 |
| 4 | **Нето добивка од курсни разлики** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| | **Вкупни приходи** | **51,422,277** | **46,263,149** | **90** | **51,490,698** | **90** |

| | Расходи | 2018 | 2019 | Индекс 2019/2018 | Програма 2019 | Индекс 2019/План |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Расходи од провизии и надоместоци** | **119,267** | **135,486** | **114** | **130,000** | **104** |
| | Провизии од банки | 119,267 | 135,486 | 114 | 130,000 | 104 |
| **2** | **Нето загуба од курсни разлики** | **0** | **0** | **0** | 0 | **0** |
| **3** | **Трошоци вработени** | **15,931,941** | **15,539,487** | **98** | **17,370,000** | **89** |
| **4** | **Амортизација** | **2,598,105** | **3,001,977** | **116** | **3,134,550** | **96** |
| **5** | **Исправка на вредност на побарувања** | **1,483,324** | **943,160** | **64** | **1,500,000** | **63** |
| **6** | **Останати расходи од дејност** | **21,237,622** | **17,641,989** | **83** | **19,142,632** | **92** |
| | Материјални и слични трошоци | 1,532,312 | 1,515,123 | 99 | 1,451,700 | 104 |
| | Трошоци услуги | 3,109,247 | 3,006,204 | 97 | 3,330,444 | 90 |
| | Провизија за КХВ | 10,840,860 | 7,866,699 | 73 | 8,801,668 | 89 |
| | Одбор на директори | 1,033,354 | 2,183,362 | 211 | 1,333,360 | 164 |
| | Трошоци за службени патувања | 503,142 | 363,243 | 72 | 500,000 | 73 |
| | Трошоци за репрезентација,реклама, спонзорство, донации и пропаганда | 941,514 | 304,423 | 32 | 900,000 | 34 |
| | Осигурување | 99,583 | 374,764 | 376 | 380,000 | 99 |
| | Други трошоци | 1,607,724 | 1,533,136 | 95 | 1,951,000 | 79 |
| | Расходи од донации | 1,569,886 | 495,035 | 32 | 494,460 | 100 |
| **7** | **Вкупни расходи** | **41,370,259** | **37,262,099** | **90** | **41,277,182** | **90** |
| ***8*** | ***Добивка пред оданочување*** | ***10,052,018*** | ***9,001,050*** | ***90*** | ***10,213,516*** | ***88*** |
| ***9*** | ***Загуба пред оданочување*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***10*** | ***Данок од добивка*** | ***820,608*** | ***1,115,593*** | ***136*** | ***0*** | ***н/а*** |
| ***11*** | ***Добивка за финансиската година*** | ***9,231,410*** | ***7,885,457*** | ***85*** | ***10,213,516*** | ***77*** |
| ***12*** | ***Загуба за финансктата година*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**
**на ден 31-12-2019**

**АКТИВА**

| **Назив на позиција** | **2018** (во денари) | **2019** (во денари) | **Индекс 2019/2018** |
|---|---|---|---|
| **1.Парични средства и парични еквиваленти** | **926,530** | **2,640,766** | **285** |
| **2.Кредити и депозити и побарувања од банки и комитенти** | **76,504,818** | **76,017,856** | **99** |
| Депозити | 69,738,635 | 69,213,482 | 99 |
| Вложувања расположливи за продажба | 0 | 0 | 0 |
| Побарувања од комитенти | 6,766,183 | 6,804,374 | 101 |
| **3.Вложувања во банки** | **76,471** | **76,471** | **100** |
| **4.Нематеријални средства** | **2,995,701** | **2,523,812** | **84** |
| 4а.Нематеријални средства | 2,995,701 | 2,523,812 | 84 |
| 4б.Нематеријални средства во подготовка | 0 | 0 | 0 |
| **5.Материјални средства** | **19,806,008** | **17,843,977** | **90** |
| 5а.Материјални средства | 19,806,008 | 17,843,977 | 90 |
| 5б. Материјални средства во подготовка | 0 | 0 | 0 |
| 5в.Останати материјални средства | 0 | 0 | 0 |
| **6.Останати средства/Побарувања** | **287,607** | **231,742** | **81** |
| 6а.Побарувања од данок на добивка | 0 | 0 | 0 |
| 6б.Останати Побарувања | 287,607 | 231,742 | 81 |
| **7.Одложени приходи и однапред платени трошоци** | **390,602** | **666,338** | **171** |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **100,987,737** | **100,000,962** | **99** |

**ПАСИВА**

| Назив на позиција | 2018<br>во денари | 2019<br>во денари | Индекс 2019/2018 |
|---|---|---|---|
| **1.Обврски** | **4,858,342** | **4,575,875** | **94** |
| 1а.Останати обврски | 606,711 | 1,278,515 | 211 |
| 1б.Обврски по данок на добивка | 796,332 | 436,274 | 55 |
| 1в.Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди | 3,455,299 | 2,861,086 | 83 |
| **2.Капитал и резерви** | **96,129,395** | **95,425,087** | **99** |
| 2а.Запишан капитал | 48,305,935 | 48,305,935 | **100** |
| 2б.Резерви | 18,764,156 | 18,764,156 | **100** |
| 2в.Добивка за финансиската година | 9,231,410 | 7,885,457 | **85** |
| 2г.Загуба за финансиката година | 0 | 0 | **0** |
| 2в.Задржана добивка | 19,827,894 | 20,469,539 | 103 |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **100,987,737** | **100,000,962** | **99** |

# 12. Прилог 2

Евидентирани нови акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2019 година

| **Назив** | **Емисија** | **Регистрација во системот на ЦДХВ** | **Број на новоиздадени хартии од вредност** | **Вкупна вредност на емисијата** |
|---|---|---|---|---|
| ОСИГУРИТЕЛНИО БРОКЕРСКО ДРУШТВО БРОЛИНС АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 21.01.2019 | 500 ОБИЧНИ АКЦИИ | 50.000 ЕУР |
| МОЕ ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 09.04.2019 | 1.500 ОБИЧНИ АКЦИИ | 15.000 ЕУР |
| ТРИГЛАВ ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 20.05.2019 | 60.000 ОБИЧНИ | 3.000.000 ЕУР |
| РАКОМЕТЕН КЛУБ СТРУГА АД СТРУГА | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 23.05.2019 | 250 ОБИЧНИ АКЦИИ | 25.000 ЕУР |
| СМАРТ МАНИ СОЛУШНС АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 03.07.2019 | 500 ОБИЧНИ | 50.000 ЕУР |
| ФУДБАЛСКИ КЛУБ БОРЕЦ 1919 АД ВЕЛЕС | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 23.07.2019 | 2.500 ОБИЧНИ | 25.000 ЕУР |
| ФК СТРУГА-ТРИМ-ЛУМ АД СТРУГА | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 25.07.2019 | 2.500 ОБИЧНИ | 25.000 ЕУР |
| ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКО ДРУШТВО ИБИС ОСИГУРУВАЊЕ АД СТРУМИЦА | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 18.09.2019 | 1.000 ОБИЧНИ | 50.000 ЕУР |
| ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКО ДРУШТВО АЛФА БРОКЕР АД КУМАНОВО | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 22.10.2019 | 1.000 ОБИЧНИ | 50.000 ЕУР |

Евидентирани нови емисии на постојни акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2019 година

| **Назив** | **Емисија** | **Регистрација во системот на ЦДХВ** | **Број на новоиздадени хартии од вредност** | **Вкупна вредност на емисијата** |
|---|---|---|---|---|
| АД ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ОСИГУРУВАЊЕТО МАКО АС АД СТРУМИЦА | ВТОРА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 10.01.2019 | 35.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 35.000 ЕУР |
| ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ | 15-ТА ЕМИСИЈА ПРИВАТНА ПОНУДА | 27.02.2019 | 92.240 ОБИЧНИ АКЦИИ | 922.400.000,00 МКД |
| ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ | 4-ТА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 13.03.2019 | 300.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 3.000.000 ЕУР |
| ВАРДАР ГРАДСКО АД ГРАДСКО | ВТОРА ЕМИСИЈА ЈАВНА ПОНУДА | 15.05.2019 | 1.265.423 ОБИЧНИ АКЦИИ | 398.608.245,00 МКД |
| ХАЛК БАНКА АД - СКОПЈЕ | 16-ТА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 10.06.2019 | 59.321 ОБИЧНИ АКЦИИ | 593.210.000,00 МКД |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕР АД СКОПЈЕ | 7-МА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 18.06.2019 | 8.114 ОБИЧНИ АКЦИИ | 811.400 ЕУР |
| ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД НЕГОТИНО | ВТОРА ЕМИСИЈА-ЈАВНА ПОНУДА | 30.09.2019 | 56.177 ОБИЧНИ АКЦИИ | 176.676.665,00 МКД |
| АД ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ГРАВЕ НЕЖИВОТ СКОПЈЕ | ЧЕТВРТА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 09.10.2019 | 2.859 ОБИЧНИ АКЦИИ | 2.859.000 ЕУР |
| ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ-СКОПЈЕ АД СКОПЈЕ | ВТОРА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 15.10.2019 | 30.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 30.000.000,00 МКД |
| АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ЕНЕРГЕТСКИ ДЕЈНОСТИ ГРАДСКИ ЕНЕРГЕТСКИ СИСТЕМИ-СКОПЈЕ АД СКОПЈЕ | ВТОРА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 01.11.2019 | 4.878 ОБИЧНИ АКЦИИ | 487.800 ЕУР |
| ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ | 5-ТА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 30.12.2019 | 400.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 4.000.000 ЕУР |

Евидентирани стечаи над акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2019 година

| |
|---|
| ЕУРОМРАМОР АД ТЕТОВО |
| СТРУМИЦА ТАБАК АД СТРУМИЦА |
| АДОНЕКС АД СКОПЈЕ |
| ВЕЛЕС ТАБАК АД ВЕЛЕС |
| БЕТОН АД ШТИП |
| ГОЛД МАК АД РАДОВИШ |
| СТРАШО ПИНЏУР АД КАВАДАРЦИ |
| ТЕХНОМЕТАЛ ВАРДАР АД СКОПЈЕ |
| В.В. ПОВАРДАРИЕ АД НЕГОТИНО |
| ЗИК СКАЧКОВЦЕ АД С. СКАЧКОВЦЕ |
| ПУМПИ АД СКОПЈЕ |

Акционерски друштва кои во 2019 година се повлечени во историската база на податоци на ЦДХВ заради преобразба.

| |
|---|
| МИКРОСАМ АД ПРИЛЕП |
| ТОНДАХ МАКЕДОНИЈА АД ВИНИЦА |
| АДУТТ МАКЕДОНИЈА АД БИТОЛА |

Акционерски друштва кои во системот на ЦДХВ во 2019 година се евидентирани дека се бришани во Централниот Регистар

| |
|---|
| МАКЕДОНИЈА ФИЛМ АД СКОПЈЕ |
| ГОЛД МАК АД РАДОВИШ |
| МАК МЕСО СФ АД С.ТАРИНЦИ КАРБИНЦИ |
| ЖИВИНО КОМЕРЦ АД ШТИП |
| МАКПЕТРОЛ ТЕМА АД СКОПЈЕ |

| |
|---|
| МИСЛА АД СКОПЈЕ |
| ЛОЗАР СОГЛЕ АД ВЕЛЕС |
| ТАЉА БИКОВА АД ГЕВГЕЛИЈА |
| ЖИВИНАРСКА ФАРМА АД ГЕВГЕЛИЈА |
| ВЕЛЕСПРОМ АД ВЕЛЕС |

Акционерски друштва кои во системот на ЦДХВ во 2019 година се евидентирани дека се во ликвидација.

| |
|---|
| МАКМЕТАЛ АД СВЕТИ НИКОЛЕ |
| КК БЛОКОТЕХНА-НБ АД ГЕВГЕЛИЈА |
| ВИНОЈУГ МОИН АД ГЕВГЕЛИЈА |
| МАГМА ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ |

Акционерски друштва кои во 2019 година кои се активирани во системот на ЦДХВ заради излегување од стечај со план за реорганизација на друштвото, укинато решение за стечај, или укинато решение за бришење од Ц.Р.

| |
|---|
| / |

Акционерски друштва кои во 2019 година  издале корпоративни обврзници.

| |
|---|
| УНИ БАНКА АД СКОПЈЕ |
| ЦКБ БАНКА АД СКОПЈЕ |
| ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ |

Акционерски друштва кои во 2019 година извршиле  намалување на основна главнина на друштвото.

| |
|---|
| ПЕЛАГОНИЈА ТРАНС АД ПРИЛЕП |
| РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА АД СКОПЈЕ |

Акционерски друштва кои во 2019 година извршиле поништување на сопствени акции со зголемување на номинална вредност на акциите.

| |
|---|
| / |

Акционерски друштва кои во 2019 година извршиле конверзија на номинална вредност на акции од ДЕМ во ЕУР.

| |
|---|
| ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД НЕГОТИНО |